

# ВОДИЧ ЗА ЗАКОНИТОСТ НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

2022

Овој проект е финансиран од Европската Унија

# Содржина

1

**ВОВЕД** **3**

**1. СОГЛАСНОСТ** **4**

**2. ДОГОВОР** **12**

**3. ЗАКОНСКА ОБВРСКА** **14**

**4. СУШТИНСКИ ИНТЕРЕС** **16**

**5. ИЗВРШУВАЊЕ РАБОТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС/ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ** **18**

**6. ЛЕГИТИМЕН ИНТЕРЕС** **20**

**7. ПОСЕБНИ КАТЕГОРИИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ** **24**

**8. КОРИСЕН СОВЕТ** **25**

**Прилог 1.: Форма на согласност** **26**

**Прилог 2 Оценка на легитимниот интерес** **28**



Проектот е финансиран од Европската Унија

# ВОВЕД

Законитоста на обработката на лични податоци е тема од суштинско значење во полето на заштита на личните податоци. Во Република Северна Македонија, предметната материја е регулирана во член 10 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20; натаму во текстот: ЗЗЛП). Овој Водич е изготвен за да им помогне на контролорите и обработувачите во постигнувањето усогласеност со ЗЗЛП.

Во суштина, пред да почнат каква било обработка на лични податоци правните лица кои ја вршат обработката мора да утврдат еден од правните основни за обработка на личните податоци дадени во член 10 од ЗЗЛП, а во случај на обработка на посебни категории на лични податоци, тие мора да докажат постоење на некој од исклучоците дадени во член 13, став (2) од ЗЗЛП, поради генералната забрана за обработка на посебните категории на лични податоци.

Секогаш кога контролорот го поставува прашањето дали му е дозволено да обработува лични податоци, на пример, да чува, брише или открива податоци на трета страна, одговорот лежи во правниот основ за обработката.

Со оглед на важноста на ова прашање за постигнување усогласеност со ЗЗЛП, овој Водич е изработен за да даде појаснување на главните премиси на законитоста на обработката преку која се исполнува едно од најважните начела од законот - начелото на законитост.

Скопје, 28.01.2022 година



Проектот е финансиран од Европската Унија

# 1. СОГЛАСНОСТ

**„субјектот на лични податоци дал согласност за обработка на неговите лични податоци за една или повеќе конкретни цели“**

Согласноста е еден од правните основи за обработка пропишани во член 10 од ЗЗЛП.

На самиот почеток треба да се нагласи дека иако согласноста е ставена на прво место во цитираниот член кој ја регулира предметната материја, тоа не значи дека согласноста има предност пред другите правни основи за обработка.

**Пример:**

Во случаи кога контролорот има законска обврска за обработката, погрешно е да се бара согласност.

Работодавците не се обврзани да бараат согласност за да ги платат придонесите за пензиско осигурување, бидејќи тоа е нивна обврска пропишана со закон.

Контролорите често мислат дека за секоја обработка на лични податоци е потребна согласност, што не е точно. Сепак, таа претставува еквивалентен правен основ како и сите други. Освен тоа, се препорачува контролорите прво да проверат дали постои друг правен основ за обработка на лични податоци, на пример, во форма на закон или договор, и да користат согласност само во отсуство на таков правен основ.

За секоја обработка на лични податоци мора да се утврди соодветен правен основ. Доколку постои повеќе од еден правен основ (законска обврска, договор, вршење работи од јавен интерес/јавно овластување, суштински интерес, легитимен интерес), нема потреба од согласност.

ЗЗЛП утврдува висок стандард за валидна согласност. Условите за валидна согласност се дадени во член 11 од ЗЗЛП, додека условите што се применуваат за согласност од дете во врска со користење информатички услуги се дадени во член 12 од ЗЗЛП.

Бидејќи еден од најважните услови за согласност е можноста таа да биде повлечена во секое време без тоа да влијае на законитоста на обработката пред самото повлекување, корисно е контролорите да проверат дали согласноста е единствената опција за обработката.



Проектот е финансиран од Европската Унија

Од тие причини, се препорачува контролорите внимателно да разгледаат дали согласноста е најсоодветниот правен основ за обработката, и доколку е така, дали согласноста ги исполнува сите услови пропишани во ЗЗЛП.

Овој дел од водичот дава дефиниција на согласноста и преглед на условите за согласност за да се обезбеди нејзината валидност.

Исто така, Прилог 1 на овој Водич содржи форма на согласност кој е наменет за контролорите со цел да ја олесни нивната усогласеност.

## Дефиниција на согласност

Дефиниција за согласноста е дадена во член 4, став (1), алинеја 11 од ЗЗЛП, кој пропишува дека „согласност“ на субјектот на лични податоци е секоја слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислено изјавена волја на субјектот на лични податоци, преку изјава или јасно потврдено дејствие, со кои се изразува согласност за обработка на неговите/нејзините лични податоци.

**Пример:**

Според член 96 од ЗЗЛП, обработката на личните податоци за целите на директен маркетинг, што вклучува профилирање до степенот до кој истото е поврзано со директниот маркетинг, е дозволена само доколку личните податоци се обработуваат по претходна изречна согласност на субјектот на лични податоци.

## Елементи на валидна согласност

ЗЗЛП пропишува неколку елементи кои гарантираат дека физичките лица навистина дале валидна согласност за конкретната обработка на лични податоци.

На пример, согласноста мора да биде дадена преку јасно потврдено и доброволно дејствие, мора да биде посебна и недвосмислена, дадена врз основа на информации кои на лицето му овозможуваат знаење за видот на обработка за која дава согласност.

## Слободно дадена согласност



Проектот е финансиран од Европската Унија

Согласноста мора да биде слободен избор. Постоењето слободен избор за физичкото лице да се согласи или да не се согласи на обработка на лични податоци зависи од давање согласност без негативни последици по лицето во случај тој/таа да не се согласи на обработката.

Како што е наведено во член 11, став (4) од ЗЗЛП, кога се проценува дали согласноста е слободно дадена, од голема важност е да се земе предвид, меѓу другото, дали извршувањето на договор што вклучува обезбедување одредена услуга е условено со давање согласност за обработка на личните податоци која не е потребна за исполнување на договорот.

Исто така, доброволната согласност може да се доведе во прашање доколку постои значителна нееднаквост меѓу контролорот и физичкото лице. Од таа причина, во многу случаи не се препорачува обработката на лични податоци на вработените да се заснова на согласност бидејќи тие можеби ќе дадат согласност поради страв од можни негативни последици (на пример, страв од отпуштање од работа доколку не се согласат на одредена обработка на лични податоци или страв од лош третман од страна на работодавачот во таков случај).

Може да се заклучи дека во повеќето случаи вработените не може да имаат слободен избор во однос на работодавачот.

**Пример:**

Компанија А планира состанок на двајца вработени со директорот на компанија Б за да се дискутира за можна идна соработка. Бидејќи состанокот се одржува во просториите на компанијата Б, потребно е доставување на имиња и фотографии од учесниците на состанокот за компанијата за обезбедување да го потврди идентитетот на вработените од компанијата А при влез во просториите.

Во овој случај, преносот на податоци за вработените на компанијата А не може да се смета за доброволен, бидејќи нивната согласност би била дадена поради страв од негативни последици (на пример, страв од загрозување на идната соработка со компанијата Б).

Од таа причина, горенаведената обработка треба да се темели на друг правен основ (на пример, легитимен интерес).

## Посебна согласност

Согласноста мора да биде посебна за да им овозможи на физичките лица поголема контрола врз нивните лични податоци. Овој елемент е важен од аспект на транспарентноста како едно од клучните начела дадени во член 9 од ЗЗЛП, бидејќи станува збор за очекувања на лицата.



Проектот е финансиран од Европската Унија

Овој важен елемент на валидната согласност содржи спецификација на целта, грануларност на добивањето согласност и јасно одделување на информациите поврзани со добивањето согласност од сите други информации за конкретната работа.

Треба да се појасни дека согласност од некое лице за обработка на лични податоци која има повеќекратни цели налага јасно и одделно наведување на целите што би му овозможило на лицето да даде согласност само за посебни цели на обработка.

**Пример:**

Студентите мора да бидат во можност да дадат согласност за објавување на нивната слика за целите на извршување на образовната дејност (на пример, објавување во годишното табло), но тоа не значи дека тие се согласиле нивната слика да биде објавена на социјалните медиуми или веб-страницата на универзитетот.

Одделување на целите на обработката може да се постигне преку ставање празно поле за штиклирање пред секоја цел на обработката за лицето да може да избере (метод за давање согласност со заокружување опции). Во таа смисла, ако на лицето нема опција за давање согласност за поединечните цели, согласноста не е валидна бидејќи не се исполнети барањата од ЗЗЛП.

Нова согласност мора да се бара ако постапките за обработка биле надополнети или изменети на начин кој не може да се предвиди во времето кога била дадена согласноста, и ако во меѓувреме се сменила и целта на обработката.

## Информирана согласност

Од суштинско значење е контролорите да ги информираат физичките лица за обработката за да обезбедат дека постои валидна индивидуална одлука за нивниот избор да дадат согласност за обработката.

Некои од информациите што треба да се обезбедат се однесуваат на идентитетот на контролорот, целите на секоја обработка одделно, информации за видот на личните податоци, информации за правото на повлекување на согласноста, информации за користењето на податоците за автоматско донесување одлуки, информации за можните ризици на заштитните мерки за преносот на личните податоци.



Проектот е финансиран од Европската Унија

**Пример за информирана согласност: обработка преку колачиња (cookies) поставени на веб-страница**

Веб-страниците вградуваат колачиња, што им овозможува пристап до општи и нечувствителни податоци од уредот на корисникот, и истите ги користат за да ги подобрат производите што се пласираат на веб-страницата и да ги прилагодат рекламите и другите содржини. Корисникот/посетителот може да ги прифати сите или дел од овие процедури.

За да се запознаат со колачињата и како интернетот ги користи нивните податоци, но и за да ги прегледаат опциите што им се на располагање, корисниците/посетителите треба да ја посетат „Политиката за приватност“ и „Политиката за колачиња“ достапни на веб страницата.

Квалитетот на информациите што се обезбедуваат е еднакво важен, што значи дека јазикот и вокабуларот треба да бидат прилагодени на групата која ја дава согласноста. Информациите мора да се дадат на јасен и едноставен јазик за секое просечно лице да може да ги разбере. Исто така, информациите мора да бидат лесно достапни.

**Пример:**

Едно училиште спроведува научно истражување меѓу средношколците за да види која боја на училница позитивно влијае врз когнитивните и емотивните карактеристики на децата. Училиштето бара согласност за учество на децата во истражувањето од нивните родители/старатели, но обезбедува информации за обработката на секое дете посебно.

Секоја информација дадена на децата е напишана на едноставен јазик и на начин кој го привлекува интересот на младата публика, како што се стрипови, пиктограми и анимации.

## Недвосмислена согласност

Согласноста мора да биде јасен афирмативен чин од кој станува јасно дека лицето дава согласност.



Проектот е финансиран од Европската Унија

Без исклучување на постојното облигационо право, согласност може да се добие преку снимање на усна изјава доколку сите информации биле ставени на располагање пред обработката. Претходно обележаните полиња со дадена согласност не се валидни. Тишина од страна на лицето на може да се смета за израз на неговата/нејзината волја.

**Пример:**

Една болница воспоставува програма за научно истражување за чијашто цел треба да обработува податоци кои се содржани во медицинските досиеја на пациентите.

Учесниците во истражувањето се идентификуваат преку телефонски повик до пациентите кои доброволно се согласуваат да бидат на списокот на потенцијални кандидати за целите на спроведување на научното истражување.

Согласноста се добива преку снимање на усна согласност дадена од пациентот за време на телефонскиот повик, преку која тој/таа потврдува дека е согласен неговите/нејзините податоци да се користат во истражувањето.

## Услови што се применуваат за согласност од дете во врска со услугите на информатичкото општество

Прво треба да се забележи дека децата заслужуваат посебна заштита во однос на нивните лични податоци бидејќи тие може да бидат помалку свесни за ризиците, последиците и заштитните мерки, како и за правата поврзани со обработката на личните податоци.

Кога контролорот обезбедува услуги на информатичкото општество на деца на возраст под 14 години, обработката е законска само ако е добиена согласност од родител/старател на детето.

Според член 4, став (1), алинеја 19 од ЗЗЛП „услуги на информатичко општество“ се услуги што се дефинирани во прописите за електронска трговија.

Во суштина, станува збор за услуги кои се обезбедуваат за одреден надомест, од далечина и со користење на електронски средства, и истите се обезбедуваат на барање на лице кое е примател на услугите (на пример, онлајн платформа за гејминг).

Кога ваквите услуги се обезбедуваат на деца врз основа на согласност, контролорот мора да направи разумни напори за да ја потврди возраста на корисникот.

Таквите мерки за верификација треба да бидат пропорционални на ризиците на активностите за обработка.



Проектот е финансиран од Европската Унија

Верификацијa може да се направи преку постапка за двојно потврдување на избор. Сепак, за да добие согласност од родителот/старателот на детето контролорот зависи од учеството на самото дете, односно од доставувањето е-мејл адреса за да го идентификува родителот или старателот.

**Пример:**

Платформа за онлајн гејминг сака да се осигури дека децата кои даваат согласност за обработка на нивните податоци и кои ги користат услугите на платформата се на возраст од најмалку 14 години.

Во спротивно, децата може да се претплатат на услугите на платформата само преку согласност добиена од нивните родители/старатели.

Контролорот ги презема следниве чекори:

- ⇒ го прашува детето дали е на возраст под 14 години;
- ⇒ ако детето наведе дека е на возраст под 14 години, платформата го информира дека неговиот родител/старател мора да даде согласност; потоа, од детето се бара да обезбеди е-мејл адреса на родителот или старателот;
- ⇒ платформата го контактира родителот или старателот и ја добива неговата согласност, по што презема разумни чекори за да потврди дека родителската одговорност ја има возрасно лице;
- ⇒ во случај на поплака, платформата презема дополнителни мерки за да ја провери возраста на детето.

## Право на повлекување на согласноста во секое време

Лицата може да ја повлечат согласноста во секое време. Тие мора да бидат свесни за ова право пред да дадат согласност. Не се препорачува контролорите да бараат објаснување на причините за повлекување на согласноста. Лицето не смее да трпи никакви негативи последици поради повлекување на согласноста. Исто така, чинот на повлекување согласност треба да биде еднакво едноставен како и чинот на давање согласност.



Проектот е финансиран од Европската Унија

**Пример:**

Билети за театарска претстава се продаваат преку агент за онлајн продажба. Контролорот бара согласност за користење на контакт информациите за маркетиншки цели.

Клиентите може да изберат „НЕ“ или „ДА“ за да ја искажат својата согласност. Контролорот ги информира потрошувачите за нивната опција да ја повлечат согласноста.

Опцијата што контролорот ја дава за повлекување на согласноста е преку телефонски повик на бесплатен број, секој ден од 9 часот наутро до 5 часот попладне.

Ова не е во согласност со ЗЗЛП бидејќи процесот за повлекување на согласноста е посложен од процесот за давање согласност.



Проектот е финансиран од Европската Унија

## 2. ДОГОВОР

**„обработката е потребна за исполнување на договор каде субјектот на лични податоци е договорна страна или за преземање активности на барање на субјектот на лични податоци пред неговото пристапување кон договорот“**

Овој правен основ често се користи за обработка на лични податоци кога постои договорен однос меѓу физичкото лице и контролорот.

Еден договор може да се однесува на испорачување услуги за лицето или пак ако лицето побарало нешто пред да го склучи договорот (на пример, пред-договорни односи или доставување понуда).

Важно е да се нагласи дека контролорите треба да обезбедат неопходност и пропорционалност при извршувањето на договорот.

### Што значи тоа?

Обработката на лични податоци мора да биде неопходна, односно овој правен основ не се применува ако контролорот може разумно да обработува помалку податоци или ако ги користи податоците на помалку интрузивен начин.

**Пример:**

Едно лице купува автомобилско осигурување и бара достава на понуда. Осигурителната компанија треба да обработи одредени податоци за да ја подготви понудата.

Неопходност за извршување на договор

**Пример:**

Компанија продава производи преку онлајн продавница. Ако некој клиент ја контактира компанијата поради испорака на производ кој не соодветствува со она што било договорено при набавката (на пример, погрешна големина или боја на обувки), обработката на личните податоци на клиентот за целите на исправање на проблемот може да се заснова на договор.



Проектот е финансиран од Европската Унија

На пример, информациите потребни за онлајн нарачка се име, презиме и адреса. Ако контролорот го прашува клиентот колку деца има, дали е во брачна заедница, и слично, за да му понуди производи преку брошура, таквите информации не се неопходни за договорот, па затоа единствениот соодветен правен основ за таквата обработка е согласност.

Треба да се забележи дека обработка што не е неопходна за извршување на договорот автоматски не се смета за незаконска. Напротив, контролорот треба да ја заснова таквата обработка на друг правен основ, на пример, согласност.



Проектот е финансиран од Европската Унија

# 3. ЗАКОНСКА ОБВРСКА

> **„обработката е потребна за исполнување на законска обврска на контролорот…“**

Според член 10, став (3) од ЗЗЛП, обврската на контролорот мора да биде пропишана со закон.

Законот задолжително вклучува одредби во однос на: општите услови што ја одредуваат законитоста на обработката на лични податоци од страна на контролорот, целите на обработката, категориите на лични податоци кои се обработуваат, категориите на субјекти на лични податоци, субјектите на кои може да им се откријат личните податоци и целите на таквото откривање, ограничувањето на целта на обработката, периодот на чување, операциите и постапките за обработка, вклучително и мерките за обезбедување законска и правична обработка.

Сепак, законската обврска не треба конкретно да наложи посебна активност за обработка. Поентата е генералната цел на обработката да биде во согласност со законската обврска која има јасна основа во законите.

Оттука, обработката мора да биде разумна и пропорционална на постигнувањето усогласеност.

Треба да се има предвид дека во случај на обработка на лични податоци врз основа на законска обврска, физичките лица немаат право на бришење, право на преносливост на податоците и право на приговор.

**Пример:**

Работодавците треба да обработуваат лични податоци за да ја исполнат нивната законска обврска за доставување информации за платите на вработените до даночните органи.

**Пример:**

И судска наредба може да се квалификува како законска обврска бидејќи судот може да побара од контролорот да обработува лични податоци за некоја конкретна цел.



Проектот е финансиран од Европската Унија

**Пример:**

Работодавците немаат законска обврска да ги копираат или скенираат банкарските картички бидејќи тоа не е пропишано во Законот за работни односи.

Меѓу другото, банкарските картички содржат верификационен број (CSC, CVV, или HVS), кој претставува единствен три- или четирицифрен број испечатен на картичката веднаш до бројот на банкарската сметка и служи како доказ за физичко поседување на картичката при онлајн купување, со што се намалува можноста за измами.

Од таа причина, обработката на овие информации во таква ситуација е спротивно на начелото на „минимален обем на податоци".



Проектот е финансиран од Европската Унија

# 4. СУШТИНСКИ ИНТЕРЕС

**„обработката е потребна за заштита на суштински интереси на субјектот на лични податоци или на друго физичко лице“**

Овој правен основ има прилично ограничен опфат и се применува само за прашања од суштински интерес на лицето кои го засегаат неговиот/нејзиниот живот.

## Кога се применува?

**Пример:**

Овој основ има голема релевантност во случај на итна медицинска помош за разлика од претходно договорена медицинска интервенција.

Постои мала веројатност суштинскиот интерес да се користи како соодветен основ за обработка од големи размери.

Суштински интерес може да се користи кога обработката се случува на хуманитарна основа, како што е следење на епидемиолошка состојба, во контекст на природни катастрофи или незгоди предизвикани од човечки фактор, итн.

Треба да се забележи дека во повеќето случаи суштински интерес се појавува во контекст на податоци за здравјето, па затоа мора да се запомни дека тие претставуваат посебна категорија на лични податоци и подлежат на посебна заштита, онака како што е дадено во член 13 од ЗЗЛП.

Тоа значи дека контролорите треба да идентификуваат услов за обработка на посебна категорија на лични податоци во согласност со член 13, став (2) од ЗЗЛП.

Од таа причина, овој Водич упатува на одредбата од член 13, став (2), алинеја 3) од ЗЗЛП која пропишува: „обработката е неопходна за заштита на суштинските интереси на субјектот на лични податоци или некое друго физичко лице, кога истото не е во можност физички или правно да даде согласност“.



Проектот е финансиран од Европската Унија

**Пример:**

Турист се загубил при планинарење, по што надлежниот орган бара од телефонскиот оператор да ја открие локацијата на неговиот мобилен за целите на пронаоѓање на лицето (закана по живот).

Тоа се смета за заштита на суштински интерес, т.е. животот на туристот.



Проектот е финансиран од Европската Унија

# 5. ИЗВРШУВАЊЕ РАБОТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС/ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ

**„обработката е потребна за извршување работи од јавен интерес или при вршење јавно овластување на контролорот утврдено со закон“**

Според член 10, став (3) од ЗЗЛП, извршувањето работи од јавен интерес, односно вршењето јавно овластување мора да биде регулирано со закон.

Законот задолжително вклучува одредби во однос на: општите услови што ја одредуваат законитоста на обработката на лични податоци од страна на контролорот, целите на обработката, категориите на лични податоци кои се обработуваат, категориите на субјекти на лични податоци, субјектите на кои може да им се откријат личните податоци и целите на таквото откривање, ограничувањето на целта на обработката, периодот на чување, операциите и постапките за обработка, вклучително и мерките за обезбедување законска и правична обработка.

Овој правен основ ги опфаќа јавните функции и овластувања што се утврдени со закон и се однесува на извршување конкретни работи и обработка на лични податоци од јавен интерес утврдени со закон.

Треба да се забележи дека обработката мора да биде неопходна. Контролорите треба да бидат во можност да ја специфицираат релевантна задача од јавен интерес и да го идентификуваат правниот основ за истата.

Исто така, кога контролорите обработуваат лични податоци како дел од извршување работи од јавен интерес или при вршење јавно овластување утврдено со закон, тие треба да имаат предвид дека физичките лица немаат право на бришење и право на преносливост на податоците, но имаат право на приговор.



Проектот е финансиран од Европската Унија

**Пример:**

Универзитет спроведува научно истражување од јавен интерес.

**Пример:**

Обработка на лични податоци за статистички цели од страна на судските органи, за целите на истрага и прогон на криминални активности.



Проектот е финансиран од Европската Унија

## 6. ЛЕГИТИМЕН ИНТЕРЕС

**„обработката е потребна за целите на легитимни интереси на контролорот или на трето лице, освен кога таквите интереси не преовладуваат над интересите или над основните права и слободи на субјектот на лични податоци кои налагаат заштита на личните податоци, особено кога субјектот е дете“**

Легитимниот интерес е флексибилен правен основ за обработка на лични податоци кој може да се применува во случаи кога не преовладуваат интересите или основните права и слободи на физичките лица.

Често, тоа се околности во кои операциите за обработка не се вклопуваат во некој друг правен основ.

### Како да се утврди дали обработката е „неопходна“?

Обработката е неопходна за цели што се однесуваат на легитимен интерес идентификуван од самиот контролор. Сепак, тоа не значи дека таквиот интерес е апсолутно суштински, туку мора да биде пропорционален на остварувањето на целите.

За да се обезбеди пропорционалност во постигнувањето на целите, контролорите треба да утврдат дали постои помалку интрузивна алтернатива или друг разумен начин за обработката. Во таков случај обработката веројатно не е неопходна.

За да се утврди чии интереси преовладуваат, треба да се земат предвид очекувањата на лицата врз основа на нивниот однос со контролорот (на пример, односи меѓу клиент и банка). Очекувањата на лицата мора да бидат разумни.

Во секој случај, постоењето легитимен интерес налага внимателна оценка за тоа дали лицата очекуваат нивните лични податоци да бидат разумно обработени за конкретната цел.

**Пример:**

Лицата не очекуваат да бидат следени кога користат тоалет или кабина за пресоблекување



Проектот е финансиран од Европската Унија

Легитимен интерес не треба да се користи како правен основ кога интересите и основните права на лицето преовладуваат над интересите на контролорот.

Од таа причина, контролорите треба да направат проценка пред обработката. Таквиот тест за балансирање го прави самиот контролор и истиот се состои од неколку чекори преку кои се оценува дали легитимниот интерес се применува како правен основ за конкретната обработка.

Контролорот мора да го идентификува сопствениот легитимен интерес што сака да го оствари. Исто така, контролорот треба да покаже дека планираната обработка е неопходна за постигнување на легитимниот интерес. На крај, тој треба да го балансира легитимниот интерес наспроти интересите, правата и слободите на физичкото лице.

## Тест за балансирање

Преку спроведување на оваа оценка контролорот го утврдува крајниот баланс и применува дополнителни заштитни мерки, утврдува дали постои можност за покажување усогласеност, обезбедува транспарентност и разгледува како да продолжи да го обезбедува остварувањето на правата на лицата, особено правото на приговор.

Физичките лица треба да бидат информирани за правото на приговор при првата комуникација со нив, а информациите за конкретното право треба да бидат презентирани на јасен начин и одделно од другите информации.

Важно е да се истакне дека член 25, став (1) од ЗЗЛП пропишува дека сите лица имаат право да поднесат приговор на обработка која се заснова на легитимен интерес на контролорот.

Бидејќи тестот за балансирање е клучна компонента на овој правен основ, образец за спроведување таков тест е даден во Прилог 2 на овој Водич.

Контролорите треба да имаат на ум дека резултатите од оваа оценка треба да бидат ревидирани доколку настане значајна промена во природата или контекстот на операциите за обработка.

## Што може да биде легитимен интерес?

Тоа може да вклучи комерцијални интереси, безбедносен интерес, индивидуален интерес, па дури и пошироки општествени придобивки.

Интересот мора да биде легитимен (на пример, барање лични податоци за да се покрене тужба против некое лице за оштетување на имот). Обработката на лични податоци мора да биде неопходна за постигнување на таквиот интерес (на пример, добивање лични податоци кои се потребни за идентификување на лицето против кое се поднесува тужба за оштетување на



Проектот е финансиран од Европската Унија

имот). На крајот, легитимниот интерес на контролорот мора да има предимство пред индивидуалното право на заштита на личните податоци.

Иако списокот не е исцрпен, потенцијални легитимни интереси може да бидат откривање информации за можни кривични дела или безбедносни закани за властите; податоци за клиенти или вработени; маркетинг; спречување измами; пренос на лични податоци во рамки на некоја група; безбедност на информатичката технологија; заштита на имот од провали, кражби или вандализам; итн.

**Пример:**

Работодавач може да инсталира ГПС уред на службеното возило, но само доколку го докаже неговиот легитимен интерес.

Имено, работниците понекогаш ги користат ресурсите на компанијата за приватни цели, па затоа може да се рече дека постои правен основ за обработка на личните податоци на вработените.

**Пример:**

Работодавачот организира настан за зајакнување на тимската работа меѓу вработените на кој се прават групни фотографии кои потоа компанијата ги поставува на својата веб-страница.

## Каква е ситуацијата со органите на државната управа?

Важно е да се нагласи дека во случајот на јавни органи постои ограничување во врска со вршењето работи од јавен интерес. Конкретно, член 10, став (2) од ЗЗЛП го нагласува следново:



Проектот е финансиран од Европската Унија

**Легитимниот интерес на контролорот како правен основ нема да се применува за обработка на лични податоци од страна на органите на државната управа при спроведување на нивните надлежности.**

Сепак, тоа не значи дека не постои легитимен интерес кој треба да се заштити кога контролорот е орган на државната управа, туку дека тој не треба да се користи како правен основ за обработка при извршувањето на нивните надлежности.

Оттука, кога некој орган на државната управа има други легитимни цели надвор од опфатот на неговите надлежности, тој може да размисли за користење на легитимниот интерес како правен основ за обработката кога тоа е соодветно.

**Пример:**

Органите на државната управа или приватните компании може да користат легитимен интерес како правен основ за обработка на лични податоци во случај на систем за видео надзор кој е поставен за целите на заштита на лицата или имотот и во согласност со сите услови пропишани во ЗЗЛП.

## Што друго треба да се земе предвид?

Контролорите треба да имаат на ум дека, кога користат легитимен интерес како правен основ за обработка на лични податоци, треба да се земат предвид неколку важни фактори, како што се: минимален обем на податоци, период на чување, примена на заштитни мерки, техничка и интегрирана заштита на лични податоци, и постоење на механизми за поднесување приговор. Исто така, во линија со начелото за отчетност, кое е дадено во член 9 од ЗЗЛП, контролорите треба да водат евиденција за оценката што ја направиле за да утврдат дали над легитимните интереси преовладуваат интересите, правата и слободите на физичките лица.

Освен тоа, контролорите треба да проверат дали легитимниот интерес е најсоодветниот правен основ и да обезбедат дека таквиот интерес може да се оправда. Контролорите треба да внимаваат на човековото правото што го уживаат сите лица, т.е. заштита на личните податоци.

Прво треба да се идентификува релевантниот легитимен интерес. Потоа треба да се направи тест на балансирање преку кој се доаѓа до заклучок дали интересите на лицето преовладуваат над легитимниот интерес на контролорот.

Контролорите мора да бидат исклучително внимателни кога обработуваат лични податоци на деца за да ги заштитат нивните права.



Проектот е финансиран од Европската Унија

# 7. ПОСЕБНИ КАТЕГОРИИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Личните податоци кои откриваат информации за расна или етничка припадност, политички мислења, религиозни или филозофски верувања, членство во синдикати, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци за здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на некое лице се сметаат за посебни категории на лични податоци.

Според член 13, став (1) од ЗЗЛП, забранета е обработка на посебните категории на лични податоци, освен доколку не постои некој од исклучоците за обработка на лични податоци дадени во член 13, став (2).

Следствено, кога контролорите ги обработуваат горенаведените посебни категории на лични податоци, тие мора да обезбедат некој од правните основи дадени во член 10 од ЗЗЛП, како и некој од исклучоците дадени во член 13, став (2) од ЗЗЛП.

**Нема потреба за загриженост. Контролорите треба да знаат дека без оглед на одредбите дадени во член 13 од ЗЗЛП, одредени правни лица сепак обработуваат посебни категории на лични податоци (на пример, болници).**
**Треба да се запомни дека во исклучоците може да се најде првен основ за секоја обработка која е оценета како неопходна, балансирана и соодветна.**



Проектот е финансиран од Европската Унија

## 8. КОРИСЕН СОВЕТ

Во рамките на политиката за приватност, контролорите треба да ги наведат правните основи за нивната обработка на лични податоци со цел да обезбедат транспарентност пред физичките лица. Корисно е тие да водат евиденција за обработката што се темели на конкретен правен основ.



Проектот е финансиран од Европската Унија

## Прилог 1.: Форма на согласност

| ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТРОЛОРОТ: | |
|---|---|
| Правно лице/назив | |
| Адреса/ седиште | |
| Контакт информации (телефон, е-пошта, факс) | |
| Овластен застапник на контролорот во Република Северна Македонија, ако е применливо | |
| Контакт информации и/или име на офицерот за заштита на лични податоци., ако е применливо | |

# СОГЛАСНОСТ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

(Според член 11 и член 12 од Законот за заштита на личните податоци)

**Посебни забелешки:**

- Согласност за дете се дава од неговиот родител/старател, освен во случаи на директна понуда на информатички услуги за дете на возраст над 14 години (контролорот мора да направи разумни напори за да ја потврди возраста на детето).
- -Лицето мора да биде информирано, особено за обработка на лични податоци за автоматско донесување одлуки и за можните ризици поврзани со пренос на личните податоци, како и за соодветните заштитни мерки што се применети.
- -Доколку согласноста се дава во контекст на пишана изјава која се однесува и на други работи, барањето за согласност треба да биде презентирано во јасна и препознатлива форма, да биде одделено од другите прашања, и да биде напишано со користење на јасен и едноставен јазик.

**Важно!!!**
Формата на согласност даден во овој Водич служи како образец/насока и мора да биде прилагоден на секој посебен случај, па затоа тој не треба да се зема како стандардна форма на согласност!

**Име/презиме:**

**Ид. број, ако е применливо:**

**Родител/старател, ако е применливо:**

**Контакт информации:**

**Вид/категорија на лични податоци:**

**Обработка што ќе биде направена:**

**Јас, долупотпишаниот, се согласувам моите лични податоци да бидат обработени за следниве избрани и конкретни цели:**

- ☐ **[текст на конкретната обработка за конкретни цели]**
- ☐ **[текст на конкретната обработка за конкретни цели]**
- ☐ **[текст на конкретната обработка за конкретни цели]**

☐ **Потврдувам дека сум свесен/свесна за можноста да одбијам давање согласност или да ја повлечам согласноста во кое било време. Исто така, свесен/свесна сум дека обработката е законска до моментот на повлекување на мојата согласност.**

**** БЕЛЕШКА:** Согласноста се однесува само на наведените цели за обработка и наведените категории на лични податоци. Личните податоци не смее да се обработуваат за кои било други цели. Обработката на овие категории на лични податоци се врши во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Доколку лицето сака да ја повлече согласноста, тој/таа може да го стори истото во пишана форма што ќе ја испрати на адреса: xxxx, преку е-мејл на: xxx@xx.xx, лично на адресата на регистрираното седиште на компанијата: xx или по електронски пат, доколку согласноста била дадена во електронска форма

**Место/датум:**

**Потпис:**

## Прилог 2 Оценка на легитимниот интерес

# ОЦЕНКА НА ЛЕГИТИМНИОТ ИНТЕРЕС

# (Тест за балансирање)

### - образец -

Овој образец за оценка на легитимниот интерес е дизајниран во неколку едноставни чекори за да им помогне на контролорите да одлучат дали некој легитимен интерес може да се примени како правен основ за обработка на лични податоци.

| ЧЕКОР 1: ОЦЕНКА НА ЦЕЛТА |
|---|
| **Прво треба да се утврди дали постои легитимен интерес за обработката:**<br><br>Која е причината за обработката? |
| Дали обработката е законска? |
| Какви придобивки може да очекува контролорот/ трета страна/ јавноста од обработката? |
| Опис на влијанието врз контролорот доколку тој не е во можност да продолжи со обработката? |
| Дали контролорот подлежи на спроведување на други релевантни закони (на пример, закон за приватност на интернет)? |

| |
|---|
| |
| Дали постојат насоки или кодекси на практики во соодветниот економски сектор кои контролорот треба да ги применува? |
| Дали постојат етички прашања во врска со обработката? |

## ЧЕКОР 2: ОЦЕНКА НА НЕОПХОДНОСТА

| |
|---|
| **Најважен дел од вториот чекор е оценување дали обработката е неопходна за соодветната цел:**<br><br>Дали конкретната обработка ја постигнува целта? Ако одговорот е да, дали обработката е пропорционална на целта? Дали целта може да се постигне без конкретната обработка? Дали се применува начелото за минимален обем на податоци и дали се користи најмалку интрузивниот начин за обработка? |
| |

## ЧЕКОР 3: ТЕСТ ЗА БАЛАНСИРАЊЕ

| |
|---|
| **Оценка на влијанието врз правата и слободите на субјектите на лични податоци и оценка дали тие преовладуваат над легитимниот интерес на контролорот.** |
| **А. Природа на обработката**<br><br>Дали обработката вклучува посебна категорија на лични податоци/ податоци за кривични осуди или кривични дела? Дали обработката вклучува осетливи податоци, како, на пример, податоци на деца или податоци на друга ранлива група? |
| |
| **Б. Разумни очекувања на физичките лица**<br><br>Дали во моментот контролорот има некаков однос со лицето? Ако одговорот е да, каква е природата на тој однос? Дали контролорот е транспарентен пред физичките лица? Ако е применливо, дали контролорот е транспарентен пред лицата во врска со повторно користење на податоците за други цели? Дали во обработката постојат аспекти кои може да влијаат врз лицата (на пример, технологија или контекст)? Дали е направено испитување на очекувањата, на пример, истражување на пазарот, фокус група или друга форма на консултации? Дали постојат фактори што може да влијаат врз очекувањата од обработката? |
| |
| **В. Веројатен ефект врз физичките лица**<br><br>Кои се можните ефекти од обработката врз физичките лица (во смисла на нивна контрола врз сопствените лични податоци, веројатност/сериозност за нарушување на безбедноста на личните податоци)? Дали ќе се применуваат одредени заштитни мерки со цел веројатноста за нарушување на безбедноста на личните податоци да се одржи на минимално ниво? Дали обработката наметнува висок ризик по правата и слободите на физичките лица? |
| |

| | |
|---|---|
| | |
| Дали лицата се информирани за нивното право да вложат приговор на обработката? | Да / Не |

**РЕЗУЛТАТ:**

| | |
|---|---|
| Врз основа на чекорите 1, 2 и 3 се донесува одлука дали легитимниот интерес треба да се користи како правен основ за обработка на лични податоци. | |
| Дали легитимниот интерес може да се примени како правен основ за конкретната обработка? | Да / Не |
| Коментари? | Да / Не |
| | |
| Изготвил: | |
| Датум: | |

**СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:**

Документирање на оценката и ревизија на истата ако е потребно.
Ако е потребно, спроведување оценка на влијанието врз заштитата на личните податоци.
Наведување детали за целта и правниот основ за обработката во политиката/изјавата за приватност.

Оваа публикација е изработена како дел од твининг-проектот „Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци“, финансиран од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторите и на проектните партнери, и не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Побарајте повеќе информации на
www.azlp.mk

SCAN ME

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ